СТОП ЗА БУЛИНГ www.kreniglas.mk БИДИ ГЛАСЕН КРЕНИ ГЛАС

# Кај 19-годишник од Виница полицијата пронајде 3.000 парчиња петарди

21.12.2023 09:07



На 20.12.2023 во Виница, полициски службеници од ОВР Виница го лишиле од слобода Ф.А.(19) од Виница. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени околу 3.000 парчиња разновидни пиротехнички средства.

Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во консултација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик.



Користиме колачиња на нашата веб-страна за да ви го дадеме најрелевантното искуство со запомнување на вашите преференции и повторни посети. Со кликнување на „Прифати“, вие се согласувате да се користат колачиња. Прифати Прочитај повеќе

Вчера (20.12.2023) на подрачјето на Секторите за внатрешни работи Тетово, Штип, Скопје и Битола беа реализирани низа превентивни активности првенствено фокусирани на учениците, со цел да се спречи употребата на пиротехнички средства во пресрет и за време на претстојните празници. Во рамки на заедничките активности на МВР и Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија од Скопје „Петарди НЕ, безбедност пред се“, беа посетени две тетовски општински средни училишта, „Никола Штејн“ и „Осми Септември“. Лекари од оваа клиника во содејство и координација со полициски службеници од Отсекот за превенција на Секторот за внатрешни работи Тетово одржаа стручни предавања на кои присуствуваа ученици од вкупно 18 паралелки. На предавањата посебно беше нагласен ризикот од употреба на пиротехнички средства по здравјето на луѓето, пред се од повреди на рацете, очите и другите делови на телото. Покрај ова, учениците поблиску беа запознати и со законските импликации од набавување, продажба и од активирање на петарди и други пиротехнички средства. Тие беа информирани и дека продажбата и активирањето на вакви пиротехнички средства, покрај прекршочно може да се санкционира и со кривични пријави, зависно од околностите и крајните последици. Вакви предавања за денеска се закажани во уште две тетовски општински средни училишта „Кирил Пејчиновиќ“ и „Моша Пијаде“.

Превентивна активност во рамки на кампањата „Петарди НЕ, безбедност пред се“ беше спроведена и од страна на СВР Штип-ОВР Берово со учениците од средното општинско училиште „Ацо Русковски” во Берово, како и од СВР Битола- ОВР Македонски Брод во ООУ „Мустафа Кемал Ататурк” во с.Пласница.

Исто така, активност во рамки на кампањата „Петарди НЕ, безбедност пред се“ беше спроведена и од страна на СВР Скопје во ОУ „Васил Главинов”, ОУ „Исмаил Ќемали”, ОУ „7-ми Март” и СУГС „Цветан Димов”. Покрај тоа, Одделението за превенција при СВР Скопје во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата спроведе сообраќајна едукативна активност на подрачје на Бит Пазар, во склоп на кампањата „Биди подготвен – користи зимска опрема“. Притоа, на возачите им беше поделен едукативен материјал и им беше укажано за потребата од почитување на законската регулатива за задолжително користење на зимска опрема во периодот од 15 ноември до 15 март.

Полициски службеници од ОВР Ресен реализираа превентивна активност со граѓаните во насока на заштита од измами и кражби, а ОВР Крушево на тема „користи зимска опрема”, каде на возачите им се укажуваше за потребата и законската обврска за задолжителното поседување на зимска опрема во возилата.

© 2020 Телевизија Телма. Сите права се задржани. Овој текст не смее да се печати или емитува, во целина или во делови, без договор со Телевизија Телма.

0

## ПОВРЗАНИ СОДЖИНИ

Најмалку 15 загинати и 24 повредени во пукање на Карловиот универзитет во Прага

Славески во „Вин-Вин“: Половина од буџетскиот дефицит во 2024 година ќе оди на отплата на камати

Чешка полиција: И татко на осомничениот е пронајден мртов, пукањето нема врска со тероризам

ВЕРНА СЕКОГАШ ПОВЕЌЕ ЗА ТЕБЕ од 1.03 до 10.12 Honda Jazz Crosstar Hybrid verna.mk

### СКОРЕШНИ НАПИСИ

Најмалку 15 загинати и 24 повредени во пукање на Карловиот универзитет во Прага

Славески во „Вин-Вин“: Половина од буџетскиот дефицит во 2024 година ќе оди на отплата на камати

Чешка полиција: И татко на осомничениот е пронајден мртов, пукањето нема врска со тероризам

Мал, но чекор во вистинска насока – економистите и експерти за планот на ЕУ за раст на Западен Балкан

Дваесет и четиригодишен студент е извршител на масовното убиство на Универзитетот во Прага

### НАЈЧИТАНИ

Под најкритикуваната елка во регионот се случи првото запросување

under Вести, Македонија

Дваесет и четиригодишен студент е извршител на масовното убиство на

Запечатена пресудата за „Плацеви на Водно“, Груевски ќе треба да лежи 9 години затвор, пресече Врховен суд

under Вести, Македонија, Најважни

Туневски во Топ Тема: Злостор и голема кражба кој лесно се докажува – да му го дадеме на поклон Тиквеш и грчкото електростопанство да го изгради Чебрен- Што е тука добро за нашиот народ?

under Вести, Македонија, Топ вести



ТЕЛЕВИЗИЈА ТЕЛМА
Ул. Никола Парапунов 51
1000 Скопје Република Македонија
Тел. (+389 2) 307 66 77
Факс. (+389 2) 3077 279
e-mail: Telma@telma.com.mk

ТЕЛМА

@2020 - telma.com.mk. All Right Reserved. Designed and Developed by UNET | Политика за приватност и колачиња